ЈЗУ Здравствен дом-Скопје

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Сојузот на специјални едуктори и рехабилитатори на Република Северна Македонија, ги повикува сите заинтересирани лица да го искажат својот интерес за учество на следниот:

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за учесници на сеопфатна обука за функционална проценка на попреченоста кај деца, втемелена на Меѓународната класификација за функционирање, попреченост и здравје (МКФ)**

Обуката се организира за потребите на стручните тела за функционална проценка по МКФ и е наменета за стручни лица: специјални едукатори и рехабилитатори, психолози, лекари и социјални работници **за територија на полошкиот плански регион** (Гостивар, Тетово, Маврово и Ростуше, Брвеница, Врапчиште, Желино, Боговиње, Теарце и Јегуновце). Обуката е наменета за стручни лица со минимум пет годишно работно искуство во својата професија, кои се високо мотивирани да ги прифатат нашите вредности во однос на примена на МКФ, посветеност кон мисијата за подршка и заштита на децата со попреченост и развој на граѓанско општество, одговорност, личен интегритет, емпатија.

Обуката е составена од 30 часа теоретски и 10 часа практичен дел во групи од 5-10 учесници. По завршување на обуката постои можност за ангажман во Регионалното стручно тело за функционална проценка со седиште во Гостивар како членови или заменици.

Вашата биографија и мотивциско писмо може да ги испратите на следнава електронска адреса mkf.mkdnt@gmail.com.со назнака: „Пријава za обука за стручни лица од полошки регион“ најдоцна до 07.07.2021 година. Само оние кандидати кои ќе бидат селектирани во потесниот круг на избор ќе бидат дополнително контактирани.